**Известување за концентрација со која ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. (HELLENiQ ENERGY Holdings S.A.), Атина, Грција, ќе стекне контрола над ЕЛПЕДИСОН Б.В. (ELPEDISON B.V.), Амстердам, Холандија**

**(предмет бр. 08-70/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 26.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. со регистрирано седиште на адреса Химарас 8А, Маруси, Атина, Грција има намера да стекне самостојна контрола директно над ЕЛПЕДИСОН Б.В., со регистрирано седиште на адреса со седиште на Наритавег 165, 1043 БВ Амстердам, Холандија и индирекно над ЕЛПЕДИСОН С.А. Фрагкоклисиас 6, Маруси Атики, Грција.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А.** е групација која работи во секторите на рафинирање, снабдување и трговија со гориво, обновлива енергија и истражување и производство на јаглеводороди.

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. е активна во повеќе сектори, а главно во секторот на енергетиката. Основна дејност на групацијата е рафинирањето, кое го врши преку зависното друштво ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ С.А. (HELLENIC PETROLEUM S.A.).

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. има едно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија :

- ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1 бр.25, Миладионвци, Илинден, Северна Македонија (во натамошниот текст: „ОКТА АД Скопје“). Регистрираната дејност на ОКТА АД Скопје е 46.71 – Трговија на големо со црвсти, течни и гасовити горива и слични производи.

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. исто така има и една регистрирана подружница во Северна Македонија:

- Претпријатие за нафтени цевоводи Солун-Скопје-ВАРДАКС АД – Подружница ВАРДАКС Скопје, со регистрирано седиште на ул. Миладиновци бр. Инсталации/ОКТА п.ф.-66 Миладиновци, Илинден, Северна Македонија (во натамошниот текст: „Вардакс Скопје“). Регистрираната дејност на Вардакс Скопје е 49.50 – Цевоводен транспорт.

**ЕЛПЕДИСОН Б.В.** е холдинг друштво.

**ЕЛПЕДИСОН С.А.** е друштво основано во Грција (во 100% сопственост на ЕЛПЕДИСОН Б.В. ) кое работи претежно во Грција во секторите на производство и снабдување на големо со електрична енергија и малопродажниот пазар на електрична енергија, како и пазарите за снабдување со природен гас на големо и мало.

ЕЛПЕДИСОН С.А. има едно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија:

- Друштво за трговија и услуги ЕЛПЕДИСОН ПАУЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.48, Центар, Скопје, Северна Македонија, (во натамошниот текст: „Елпедисон Скопје“). Регистрирана дејност на Елпедисон Скопје е 35.14 – Трговија на електрична енергија. Сепак, Елпедисон Скопје сѐ уште не е активен деловен субјект.

Освен Елпедисон Скопје, ЕЛПЕДИСОН Б.В. нема други регистрирани поврзани друштва или подружници во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како *пазар на нафтени деривати и пазар на електрична енергија, двата на територијата на Република* ***Северна Македон.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.04.2025 година

Скопје